РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот -------------- од ---------- на 20.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28-тата седницата одржана на 29.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од подносителот ---------- од --------- на 20.03.2019 година година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1699/1 од 20.03.2019 година, во која се укажува на сомневање за неправилности во постапувањето на незаконско постапување на повеќе институции (ФЗОМ, ФПОИМ), во врска со остварување на правото на туѓа нега, обезбедување на ортопедски помагала на трошок на државата и лекување во странство, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1699/1 од 20.03.2019 година, од причина што во конкретниот случај други надлежни институции (ФЗОМ, ФПИОМ и други институции) постапиле во рамките на своите законски надлежности, ја утврдила фактичката состојба и донеле свои одлуки во согласно со закон и подзаконски акти, за кои подносителот на пријавата бил навремено известен.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1699/1 од 20.03.2019 година оформен врз основа на добиена пријава од подносител --------- од ------------.

Во пријавата во која се укажува на сомневање за неправилности во постапувањето на незаконско постапување на повеќе институции (ФЗОМ, ФПОИМ), во врска со остварување на правото на туѓа нега, обезбедување на ортопедски помагала на трошок на државата и лекување во странство.

Од увидот во приложената документација кон пријавата ДКСК констатира дека надлежните институции, ФЗОИМ и ФПИОМ, секоја одделно ги примиле барањата на барателот -----------------, постапувале во согласно со своите законски надлежности, ја


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

утврдиле фактичката состојба, и со свои одлуки засновани на закони и подзаконски акти се произнеле во однос на конкретниот случај.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и целокупната приложената документација, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk